**ОТВОРЕН ПОВИК**

**ЗА**

**РАЗВОЈ НА ВЕБ-ПОРТАЛ ЗА ПОТРОШУВАЧИ-ПРОИЗВОДИТЕЛИ**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ од Скопје во рамки на проект за промоција на статусот на потрошувачи-производители на енергетскиот пазар во Македонија објавува повик за развој и дизајн на веб-портал со намена да се обезбедат сеопфатни информации до граѓаните за статусот на потрошувач-производител во Македонија.

**ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА**

Целта е да се обезбеди централизирана платформа која нуди сеопфатни и достапни информации за сегашните и идните соларни просумери (потрошувачи-производители) во Република Македонија. Ова вклучува прилагодување на постоечки содржини за предусловите за инсталирање на системи за соларна енергија (фотонапонска електрана - ФНЕ), спецификациите за потребната опрема, методологиите за одредување на оптималната големина на системот, упатствата за проценка на трошоците, барања, документација и процедурите за поврзување на мрежата. Порталот ќе содржи и детални информации за македонското законодавство релевантно за просумерите.

Со создавање на кориснички и информативен ресурс, целта е да се одговори на зголемениот интерес и побарувачка кај македонските граѓани за веродостојни информации за опциите за обновливи извори на енергија - соларната енергија, а со тоа да се поддржи информираното донесување одлуки и да се залага за законодавни реформи кои промовираат интеграција на обновливите извори на енергија и на индивидуално и на ниво на заедница.

**ЗАДАЧИ**

Избраниот понудувач треба:

- Да развие WordPress платформа за веб-порталот за просумери;
- Да развие визуелно привлечен интефејс со прилагодени графики, икони и илустрации кој ќе одговара на современите дизајнерски текови;
- Овозможи лесно лесно управување со содржина и интеграција на текст, слики, видеа и документи;
- Да развие модули за динамичко ажурирање на содржината и известувања;
- Да подготви и достави техничка документација за креираниот веб-портал и да даде насоки за понатамошно самостојно ажурирање на содржините на веб-порталот од страна на Еко-свест.
- Да соработува со тимот на Еко-свест во Скопје кој ќе ги обезбеди содржините за порталот.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

- Времето на изработка на веб-порталот е не повеќе од 2 месеци од потпишување на договорот, со краен рок на реазлизација не подоцна од 30 ноември 2024 година.
- Вредноста на договорот не може да надмине 2000 евра во денарска противредност (бруто износ со вклучен ДДВ или со вклучен персонален данок доколку понудувачот е индивидуално лице).

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

При пријавувањето, заинтересираните понудувачи треба да достават:

1. За физички лица/консултанти е потребно:

- Кратка биографија (со соодветни квалификации и видливо искуство во креирање на веб-портали);
- Портфолио со изработени веб-продукти;
- Финансиска понуда и временска рамка за реализација;
- Пополнета потврда за посветеност и Декларација за непостоење судир на интереси за индивидуални и физички лица (Анекс 1)

2. За правни лица е потребно:

- Професионално портфолио со соодветни референци и изработено проекти.
- Биографии на персонал кој ќе се ангажира на повикот со соодветни квалификации и искуство.
- Финансиска понуда и временска рамка за реализација
- Тековна состојба не постара од 6 месеци
- Пополнета изјава од понудувач (Анекс 2) за правни лица.

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Понудите треба да бидат доставени најдоцна до вторник, 10 септември 2024 г., до 12:00 часот на email: zarko@ekosvest.com.mk, со назнака „Пријава за изработка на веб-портал“.

Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот. Нецелосни понуди или понуди испратени по предвидениот рок за пријавување нема да бидат земени предвид.

**ОЦЕНКА НА ПОНУДИТЕ**

Еко-свест ќе формира три-члена комисија со цел избор на најдобар понудувач. Евалуационата комисија ќе го извести само оној кандидат чија понуда ќе биде избрана. Пристигнатите понуди ќе се бодуваат согласно следните критериуми и бодови:

1. Кратка биографија и претходно професионално искуство во дејноста (30 бодови);
2. Портфолио со листа на изработени веб-продукти (30 бодови);
3. Финансиска понуда (40 бодови);

Вкупно 100 бодови. Договор ќе биде склучен со оној кандидат кој освоил најмногу бодови, не подоцна од 15 септември 2024 година.

Анекс 1 - Потврда за посветеност и Декларација за непостоење судир на интереси за индивидуални и физички лица

Анекс 2 - Изјава од понудувач